Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

**М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје**

Свое обраќање имаше Деканот на факултетот Проф. д-р Атанас Кочов. Тој им изрази искрени честитки на успешното завршување на студиите и им посака успех во понатамошните животни предизвици. Најдобро дипломираниот студент за 2011 година, Трајческа Благица, со просечна оцена 9.97, ги заврши студиите за 3 години, 9 месеци и 7 дена. Таа е наградена од МФС со бесплатни студии на втор циклус, како и од Инженерската институција на Македонија со Пофалница и од фондацијата на проф. д-р Димитар Стамболиев. Од компанијата ФАКОМ Скопје, по втор пат годинава е доделена награда за најдобра дипломска работа од областа на челичните конструкции. Факултетот додели пофалници за завршени студии со просечна оценка над 9.00 на уште 20 дипломирани студенти.




## РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ЗА SOLIDWORKS 2012

Со најмногу освоени гласови од стручното жири и публиката, проектот „Delphine Power Drill“ освои прво место на регионалниот натпревар за Solidworks одржан од 1-3 јуни во Пампорово, Р.Бугарија. Проектот „Delphine Power Drill“ е дизајн на Воислав Денковски студент од втора година на насоката Индустриски дизајн на Машинскиот факултет. На натпреварот зема учество и Никола Костадиновски, студент од трета година на истата насока, кој се претстави со својот дизајн „Прочистувач на морска вода – NIKO“ и освои трето место. Натпреварот во Solidworks се организира веќе неколку години по ред од страна на генералните застапници на овој софтверски пакет во регионот DiTra.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Во периодот од 07.05.2012 до 12.05.2012 година во Приштина се одржа презентација на компјутерски управувани автономни возила. Презентацијата се одвиваше во рамките на Tempus проектот “Development of Regional Interdisciplinary Mechatronic Studies - DRIMS” (Project No. 158644-TEMPUS-1-2009-1-DE-TEMPUS-JPCR). Машинскиот факултет - Скопје се претстави со две автономни возила кои беа изработени од студенти од студиските програми: Мехатроника, Моторни возила и Индустриски дизајн.

## ИЗЛОЖБА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

На 19ти јуни 2012, студентите од насоката Индустриски дизајн од Машинскиот факултет – Скопје ги претставија своите дизајни на годишната изложба. Изложбата се одржа во Сули Ан во Старата чаршија со почеток во 19.30 часот и свечено отварање од страна на деканот на Машинскиот факултет, проф. д-р Атанас Кочов. На изложбата се претставија студенти од сите години на додипломските и постдипломските студии по индустриски дизајн. Дел од моделите на студентите беа претставени на постери, а дел од нив како реални модели.



## КОНФЕРЕНЦИЈА

На IV меѓународна конференција за преносници на силина во Синаја, Романија на заседанието на претставниците на здруженијата за преносници на силина на балканските земји, проф. д-р Петар Симоновски со акламација е избран за претседател на Балканската асоцијација за преносници на силина - ВАРТ и ја доби честа 2015 година во Охрид да ја организира V - тата меѓународна конференција за преносници на силина.

Сите информации да се доставуваат кај секретарката на деканот, Виолета Велковска, тел. 3099-200, или по e-mail dekanat@mf.edu.mk

## ОТСУСТВА

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец јуни 2012 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Асс. м-р Никола Аврамов оствари службено патување во Р. Хрватска.
2. Асс. м-р Јелена Мицевска оствари службено патување во Р. Црна Гора.
3. Асс. м-р Ташко Ризов оствари службено патување во Р. Србија.
4. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Атанаско Тунески, доц. д-р Зоран Марков и асс. м-р Дарко Бабунски остварија службено патување во Р. Албанија.
5. Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски оствари службено патување во Германија и Австрија.
6. Вон. проф. д-р Дарко Данев оствари службено патување во Австрија.
7. Асс. м-р Јована Јованова оствари службено патување во Австрија.
8. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски оствари службено патување во Белгија и Чешка.
9. Проф. д-р Лазе Трајковски оствари службено патување во Р. Црна Гора.
10. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ оствари службено патување во Р. Хрватска.
11. Вон. проф. д-р Златко Петрески оствари службено патување во Австрија.
12. Проф. д-р Роберт Миновски и асс. м-р Бојан Јованоски остварија службено патување во Р. Србија.
13. Вон. проф. д-р Петар Симоновски оствари службено патување во Романија.
14. Асс. м-р Кристина Јакимовска оствари службено патување во Р. Србија.
15. Проф. д-р Јован Лазарев оствари службено патување во Р. Црна Гора.
16. Проф. д-р Зоран Пандилов оствари службено патување во Р. Грција.
17. Проф. д-р Јасмина Чалоска оствари службено патување во Р. Црна Гора и Р. Српска.
18. Проф. д-р Валентина Гечевска оствари службено патување во Р. Хрватска.
19. Проф. д-р Предраг Поповски оствари службено патување во Р. Грција.
20. Асс. м-р Емил Заев оствари службено патување во Р. Црна Гора.
21. Вон. проф. д-р Никола Тунески оствари службено патување во Р. Грција и Германија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**02.08.2012**
**Ден на Републиката**

**19.08.2012 (недела)**
**Рамазан Бајрам, 20 август е неработен ден**

**28.08.2012**
**Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)**

**29.08.2012**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**30.08.2012**
**52 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2012, јули, број 109**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ПРОМОЦИЈА НА СТУДЕНТИ

На 17.06.2012 година во Александар Палас Машинскиот факултет - Скопје изврши промоција на дипломираните студенти на додипломски и постдипломски студии за сите студенти кои ги завршиле своите студии од 01.02.2011 до 31.01.2012 година. Оваа година беа промовирани вкупно 300 студенти, од кои 59 на постдипломски, односно втор циклус на студии, 47 на VII-1 степен, 13 на VI-1 степен, 135 на академски студии, 44 на професионални студии и 2 на интердисциплинарните студии.

